РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr. 12-332/5
15-11-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 10-та седница одржана на 08.11.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот оформен по известување број 12-332/1 од 11.01.2024 година, во кое се изнесени наводи со сомнение за постапување на адвокат спротивно на Кодексот за адвокатска етика, Правилникот за дисциплинска одговорност и Законот за адвокатура, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека согласно одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување од причина што за предметниот случај веќе е постапено од друг надлежен орган – ---------- -------- на Република Северна Македонија.

Предметот со број 12-332/1 од 11.01.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

На ден 11.01.2024 година доставено е известување за постапување од ---------- -------- ----------- во кое се изнесени наводи за сомневање за постапување на адвокат спротивно на Кодексот за адвокатска етика, Правилникот за дисциплинска одговорност , по што ДКСК оформи предмет број 12-332/1 од 11.01.2024 година.
Во доставеното известување изнесени се сомневања за незаконитости примената на Законот за општата управна постапка во -------- ------, конкретно во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште. Согласно наводите од пријавата, -------- ------ на издаденото решение за поставување на реклами и информативни паноа УП.БР.10-153/23 од 02.05.2023 година, ставила клаузула на правосилност и

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

покрај тоа што бил заведен управен спор под број У-3 341/23 по кој тековно се постапувало од страна на --------- -------- ----------, а по претходно доставено барање/иницијатива заведено под број ИП1.бр.13-1633 од 10.11.2023 година.

Исто така, наведено е дека предметната пријава е доставена на надлежно постапување и до други државни органи меѓу кои и до --------- -------- на Република Северна Македонија.

Во насока на утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до --------- -------- на Република Северна Македонија, со кое побара да се доставаат податоци и информации за тоа дали и како е постапено по доставеното барање за надлежно постапување од страна на --------- -------- ---------- како и информација за евентуално преземени мерки и дејствија при истото со достава на прилог соодветна документација.
Од --------- ------ на Република Северна Македонија добиен е одговор во кој наведено е дека по пријава на --------- -------- ---------- бил оформен предмет и дека за истиот е постапено, при што е донесено Решение број 02-.24 од 06.05.2024 постапката по оформениот предмет била запрена.

Од увидот на доставеното известување констатирана е следната фактичка состојба: На ден 12.01.2024 годна била поднесена пријава од страна на Државниот управен инспекторат до -------- ------ на Република Северна Македонија против адвокат Стојановски Виктор од Тетово со наводи за основано сомнение за постапување спротивно на Кодексот за адвокатска етика, Правилникот за дисциплинска одговорност и Законот за адвокатура дека со своите дејствија предизвикал дисциплинска повреда. Заради утврдување на фактичка состојба по оформениот предмет од страна на Заменик дисциплинскиот обвинител била донесена одлука за поведување на претходна постапка согласно правилникот за дисциплинска одговорност. Во своето постапување по оформениот предмет било доставено барање до предметниот адвокат со кое било побарано писмено произнесување во врска наводите од пријавата.
Во законски предвидениот рок била прибавена потребната документација, и од увидот во неа Заменик дисциплинскиот обвинител утврдил дека барањето за поведување на дисциплинска постапка против предметниот адвокат било неосновано во целост од причина што наводите од пријавата не биле потврдени.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Од сето погоре наведено, ДКСК утврди дека нема елемети за натамошно постапување од причина што за предметниот случај веќе е постапено од друг надлежен орган – -------- ------- на Република Северна Македонија.

Врз основа на горенаведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Претседател

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: Б.К.Ш член на ДКСК

Доставено до:
-Подносителот на пријавата